

**Engineering progress**
**Enhancing lives**

# Уште поедноставно.

СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE): Посебно паметен лизгачки систем за атрактивен спој помеѓу внатре и надвор.

Ново откривање на прозорците.
За современиот.

REHAU

# Новата технологија го олеснува животот. Сега и кај лизгачките прозорци и врати.

РЕХАУ си постави задача да развие прозорци и врати
што се модерни како и нашиот живот.
Што го прави животот попријатен и поедноставен.

Конечно има лизгачки врати, кои може да се отвораат и затвораат со само мал напор и со едноставни потези. Вложете во СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) – и уживајте во новата лизгачка удобност.





Ново откривање на прозорците.
За современ живот.

# Елегантен спој помеѓу внатре и надвор.

Откријте модерни архитектонски можности и нови концепти на просторот. Лизгачките прозорци и врати од системот на профили СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE), изненадуваат со исклучителни можности за уредување на просторот.



**Максимална големина од 4 m x 2,6 m**



**Повеќе простор за живеење**
Кога го планирате вашиот станбен простор - без оглед дали станува збор за нова градба или реновирање – имате можност да создадете повеќе простор со модерен концепт за живеење. Лизгачките прозорци, изработени со профилот СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) овозможуваат прозорски отвори, кои заштедуваат простор, истовремено создавајќи одличен спој помеѓу внатре и надвор. Истовремено се исклучително лесни движење.





**Насекаде совршен изглед**
Дизајнерските решенија се заокружуваат со можноста за целосно ламиниран профил, со што се создава унифициран изглед на прозорците и вратите.



**Над 400 можности за дизајн**
Програмата КАЛЕИДО КОЛОР (KALEIDO COLOR) нуди огромен избор на различни бои и површини. На овој начин, самата фасада и просторот за живеење целосно се дизајнираат според индивидуални идеи.



# Уште поедноставно

Иновативен механизам за заклучување - едноставно и без голем напор, дури и кај големите елементи.

**За затвара речиси само по себе**
СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) се отвара и затвара многу брзо и лесно. Овозможува целосно ново и особено лесно ракување, со лизгачката врата или лизгачкиот прозорец. Отворањето и затворањето работи, речиси, само по себе и се изведува со минимален напор.



**1**

Лизгачкиот елемент може да се придвижува без голем напор.





**2**

Благодарение на вртливото движење на рачката, лизгачкиот елемент многу лесно се движи по рамката.





**3**

Доколку рачката е свртена вертикално надолу, лизгачката врата целосно е затворена.



**Совршено затворање**
Со иновативниот механизам за заклучување, лизгачкиот елемент рамномерно се притиска на рамката.
Со целосниот дихтунг наоколу, се создава високо ниво на заптивност - дури и против силен дожд.



# СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) ги има најдобрите вредности.

Целосно координиран систем
со исклучители својства.

**Пријатна топлина**
Старите прозорци, се најголемата енергетска слабост во куќата. Тие не се доволно изолирани и претежно технички застарени. Резултатот од тоа е загуба на значителна топлина низ прозорците.

Лизгачките прозорци и врати СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE), имаат одлични својства на топлинска изолација. Вредноста на топлинска изолација $U_f$ достигнува до 1,3 W / (m²K). На тој начин, загубата на топлина кон надвор е минимилна и таа останува во просториите.



**Тивок дом**
Како кај веќе докажаниот  основен профил СИНЕГО (SYNEGO) и кај СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE), може да се користи високо квалитетното стакло со звучна и топлинска изолација. Ова не само што ја поддржува енергетската ефикасност, туку гарантира и звучна изолација.

Системот на тој начин го подобрува квалитетот на живеење, бидејќи го намалува звукот до 43 децибели. Така, бучавата се намалува до 20 пати.




**Голема отпорност на силен дожд**
Иновативниот механизам за затварање кај  СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE), обезбедува рамномерно распределен контактен притисок врз лизгачкиот елемент. Ова овозможува совршено лежиште за дихтунгот наоколу, со што се обезбедува одлична заптивност на силен дожд.







# СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) – безбедност

Паметните решенија на РЕХАУ ги одвраќаат крадците. Уживајте во доброто чувство со тоа.



**Намерно одвраќање на провалниците**
Алармниот модул РЕХАУ Смарт Гард (REHAU Smart Guard), кој се интегрира во самата рамка, ги открива натрапниците и ги предупредува, пред да направат штета. Во итни случаи, може да се вклучи и главниот аларм, преку безжична врска.

Постои можност системот да се поврзе со паметниот дом (Smart Home), со цел создавање на индивидуални алармни програми.

**Превентивна заштита од кражби**



**Безбедност до класа на отпор RC 2**
Прозорците со класа на отпор RC 1 имаат ниско ниво на заштита од кражба и затоа можат насилно да бидат отворени за релативно кратко време. Кај прозорци кои имаат повисоки класи на отпор, потребни се значително повеќе време и тешки алатки, за да бидат насилно отворени. Лизгачките прозорци и врати од СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) постигнуваат класа на отпор до RC 2.






# Паметни концепти за простории

СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE) како прозорска варијанта нуди многу светлина и можности за дизајн. Со заштеда на простор, лесно и елегантно, се постигнуваат бараните решенија за уредување.

**Слобода во дизајнирање на просторот**
Уредете го вашиот простор за живеење според сопствените желби, без да мора да ги земате предвид елементите на прозорците кои се отвораат во просторијата.



**Совршено уреување на просторот за живеење**
На овој начин имаме можност да го поставиме мебелот според наш вкус, без никакви оганичувања. Можеме да поставиме цвеќиња на подпрозорската даска, дури и кога прозорецот е отворен. Лизгачките прозорци ни даваат слобода за уредување на просторот пред нив, бидејќи воопшто не им е потребно место за отварање. Овој концепт е овозможен, со крилата на прозорецот, кои се отвараат паралелно со ѕидот, на кој се поставени и не излегуваат во просторијата, заземајќи значително место.





# Активна одржливост

Како глобално активна компанија, РЕХАУ има посебна одговорност за луѓето и околината. На овој начин, ние постојано го оптимизираме користењето на ресурси и енергетската ефикасност во нашите фабрики и производи. Профилите за прозорци на РЕХАУ со ознака ЕкоПулс (EcoPuls), веќе содржат процент од 40% до 75% рециклирани материјали и го претставуваат овој позитивен еколошки печат.

**REHAU EcoPuls**
Sustainability Competence

**Кружен тек на пластиката**
Старите прозорци се претвораат во нови, иновативни и одржливи прозорски системи – со ист квалитет како и РЕХАУ прозорците изработени од свеж материјал. Материјалот се чисти, ситни, сортира и рафинира. Рециклатот што настанува на овој начин на крајот се рециклира во внатрешното јадро на новите прозорски профили.

Благодарение само на овој процес, РЕХАУ ги намали емисиите на $CO_2$ до 97.000 тони годишно. Ова одговара на заштеда од околу 7,8 милиони дрва на површина од околу 137.000 фудбалски игралишта.

Ние во РЕХАУ сами се грижиме за комплетниот кружен процес – ова е уникатно за пазарот на прозорци.




**Извонредна одржливост**
Сите европски фабрики за прозорци на РЕХАУ се сертифицирани со независниот печат за квалитет VinylPlus за одржливо производство на прозорци. Набавка на суровини, обработка и рециклирање: низ целиот синџир на додадени вредности, тие ги исполнуваат разновидните и бараните критериуми.





# Семејството на системот СИНЕГО (SYNEGO)

## Совршено координирано портфолио што не остава отворени желби.

### СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE)



**Технички податоци**

| | |
|---|---|
| Видливост на рам/крило: | 65 mm/101 mm |
| Длабочина на вградување на рам/крило: | 156 mm/80 mm |
| Топлинска изолација $U_f$ (EN 12412-2): | до 1,3 W/m²K |
| Звучна изолација $R_w$ (ISO 10140-2): | до 43 dB |
| Заштита од провалување (EN 1627): | до класа RC 2 |
| Отпорност на ветер (EN 12210): | до класа B3 |
| Непропустливост на пороен дожд (EN 12208): | до класа 8A |
| Пропустливост на воздух (EN 12207): | до класа 4 |



**Нови архитектонски можности**



## СИНЕГО (SYNEGO) прозорци и балконски врати

### Технички податоци

| | |
|---|---|
| Видливост на рам/крило: | 109 mm до 175 mm |
| Длабочина на вградување: | 80 mm |
| Топлинска изолација $U_f$ (EN 12412-2): | до 0,94 W/m²K |
| Звучна изолација $R_w$ (ISO 10140-2): | до 47 dB |
| Заштита од провалување (EN 1627): | до класа RC 3 |
| Отпорност на ветер (EN 12210): | до класа B5 |
| Непропустливост на пороен дожд (EN 12208): | до класа 9A |
| Пропустливост на воздух (EN 12207): | до класа 4 |
| Сила за отварање (EN 13115): | класа 2 |



## Влезни врати СИНЕГО (SYNEGO)

### Технички податоци

| | |
|---|---|
| Видливост на рам/крило: | 174 mm |
| Длабочина на вградување: | 80 mm |
| Топлинска изолација $U_f$ (EN 12412-2): | 1,2 W/(m²K) |
| Звучна изолација $R_w$ (ISO 10140-2): | до 45 dB |
| Заштита од провалување (EN 1627): | до класа RC 2 |
| Отпорност на ветер (EN 12210): | до класа B2 |
| Непропустливост на пороен дожд (EN 12208): | до класа 4A |
| Пропустливост на воздух (EN 12207): | до класа 2 |




Вложете во новата
удобност на живеењето.
Ново откривање на
прозорците.
За современ живот.

Со задоволство ќе Ве посоветуваме за СИНЕГО СЛАЈД (SYNEGO SLIDE):

Правото на технички измени е задржано.

Ве молиме земете ги во предвид соодветните технички информации за производите, кои се достапни на www.rehau.com/ti.

Понатамошни информации на
**www.rehau.mk/synegoslide**

© РЕХАУ дооел
ул. Борис Трајковски 76б
1000 Скопје, Македонија

716831-001 МК 12.2020